**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на директна единствена контрола од страна на КОРПОРАЦИЈА КСОРИАНТ, САД над Друштвото со ограничена одговорност ТестДевЛаб, Латвија**

**(предмет бр. 08-136 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18, 208/24 и 16/25), на ден 17.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое КОРПОРАЦИЈА КСОРИАНТ со седиште на Авенија Римвуд, Санивејл, Калифорнија 94089, САД , чија главна дејност е развој на софтверски производи, од една страна, и од друга страна, Andrejs Frisfelds и Ervins Grinfelds, потпишаа Писмо за намера во врска со продажбата на сите удели во друштвото со ограничена одговорност ТЕСТДЕВЛАБ, друштво основано во согласност со законите на Латвија, со седиште на адреса улица Вингротају 1, Рига, ЛВ1010, Латвија, чија главна дејност е вршење други информатички технологии и компјутерски услуги.

-**КОРПОРАЦИЈА КСОРИАНТ** е друштво чија главна дејност е развој на софтверски производи. КОРПОРАЦИЈА КСОРИАНТ не е присутна во Северна Македонија и нема остварено промет во Северна Македонија.

-**Друштвото со ограничена одговорност ТестДевЛаб** е присутно во Република Северна Македонија преку своето поврзано правно лице- **ТЕСТДЕВЛАБ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на бул. „8 Септември“ бр. 16, кат 2 Хипериум Бизнис Центар, Скопје-Карпош, Скопје, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност -вршење останати дејности поврзани со информатичка технлогија и компјутери. Друштвото со ограничена одговорност ТЕСТДЕВЛАБ остварува промет во Северна Македонија.

Трансакцијата се однесува на стекнување на директна единствена контрола врз Друштвото со ограничена одговорност ТЕСТДЕВЛАБ од страна на КОРПОРАЦИЈА КСОРИАНТ. Истото ќе се реализира преку купување на сите удели во Друштвото со ограничена одговорност ТЕСТДЕВЛАБ од страна на Ксориант Корпорејшн, кои во моментов се во сопственост на Andrejs Frisfelds и Ervins Grinfelds, од страна на Ксориант Корпорејшн, согласно член 12 став 1 точка 2 од Законот.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

18.09.2025 година

Скопје